*Број: 02 - 15186/2*
*24.11.2010 година*
*С к о п ј е*

*ЗАПИСНИК*
*од LXXXIX -та седница на Управниот одбор на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија,*

*одржана на на 21.10.2010 година со почеток во 12.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Ирфан Хоџа, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*

- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
- *Кристина Христова, ВД директор на секторот за фармација (делумно присутна);*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи (делумно присутен);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Поради отсуство на претседателот на Управниот одбор Елена Трпковска, седницата ја отвори и водеше заменикот на претседателот Ирфан Хоџа. Утврди дека на седницата се присутни четири членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXXXI -та седница на Управниот одбор одржана на 07.06.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXII -та седница на Управниот одбор одржана на 24.06.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXIII -та седница на Управниот одбор одржана на 15.07.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXIV -та седница на Управниот одбор одржана на 21.07.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXV -та седница на Управниот одбор одржана на 13.08.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXVI -та седница на Управниот одбор одржана на 07.09.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXVII -та седница на Управниот одбор одржана на 23.09.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXVIII -та седница на Управниот одбор одржана на 28.09.2010 година*

1. *Ликвидност на ФЗОМ;*
2. *Одлука за утврдување на формата и содржината на договорот со специјалната болница за кардиохирургија Филип Втори;*
3. *Предлог за донесување на одлука за буџетот на специјалната болница за кардиохирургија Филип Втори;*
4. *Правилници во врска со трезорското работење (Правилник за начинот на трезорското работење и контрола на трезорското работење, Правилник за начинот на отворање и водење на девизни сметки во*

*рамките на здравствената главна книга на корисниците на средства од Буџетот за финансирање на дејноста на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување, Правилник за изготување и донесување на буџетот за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување);*

5. *Технички проекции на буџетите на јавните здравствени установи за потребите на трезорското работење во 2011 година;*
6. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
7. *Правилник за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување;*
8. *Одлука за утврдување на предлог референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
9. *Предлог за утврдување на референтни цени за услуги од болничката здравствена заштита за акутни случаи (за услуга од областа на офталмологијата и за хемодијализа во домашни услови;*
10. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
11. *Разно*

*Потоа наведе дека од Фондот е побарано дневниот ред да се дополни со разгледување и на следните точки:*

- *Предлог за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствена установа за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната стоматолошка здравствена заштита;*
- *Информација во врска со приговорот од ПЗУ Поликлиника Медика од Скопје;*
- *Барање од Министерството за здравство во врска со трудовата медицина;*
- *Издавање на факсимили на лекари од Стоматолошкиот клинички центар Свети Пантелејмон кои се на специјализација;*
- *Барања од областа на работните односи;*

*Управниот одбор го прифати предлогот, по што едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н   Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXXXI -та седница на Управниот одбор одржана на 07.06.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXII -та седница на Управниот одбор одржана на 24.06.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXIII -та седница на Управниот одбор одржана на 15.07.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXIV -та седница на Управниот одбор одржана на 21.07.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXV -та седница на Управниот одбор одржана на 13.08.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXVI -та седница на Управниот одбор одржана на 07.09.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXVII -та седница на Управниот одбор одржана на 23.09.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXVIII -та седница на Управниот одбор одржана на 28.09.2010 година*

1. *Ликвидност на ФЗОМ;*
2. *Одлука за утврдување на формата и содржината на договорот со специјалната болница за кардиохирургија Филип Втори;*
3. *Предлог за донесување на одлука за буџетот на специјалната болница за кардиохирургија Филип Втори;*
4. *Правилници во врска со трезорското работење (Правилник за начинот на трезорското работење и контрола на трезорското работење, Правилник за начинот на отворање и водење на девизни сметки во рамките на здравствената главна книга на корисниците на средства од Буџетот за финансирање на дејноста на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување, Правилник за изготување и донесување на буџетот за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување);*
5. *Технички проекции на буџетите на јавните здравствени установи за потребите на трезорското работење во 2011 година;*
6. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
7. *Правилник за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување;*

8. *Одлука за утврдување на предлог референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
9. *Предлог за утврдување на референтни цени за услуги од болничката здравствена заштита за акутни случаи (за услуга од областа на офталмологијата и за хемодијализа во домашни услови);*
10. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
11. *Предлог за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствена установа за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната стоматолошка здравствена заштита;*
12. *Информација во врска со приговорот од ПЗУ Поликлиника Медика од Скопје;*
13. *Барање од Министерството за здравство во врска со трудовата медицина;*
14. *Издавање на факсимили на лекари од Стоматолошкиот клинички центар Свети Пантелејмон кои се на специјализација;*
15. *Барања од областа на работните односи;*
16. *Разно*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од LXXXI -та седница на Управниот одбор одржана на 07.06.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXII -та седница на Управниот одбор одржана на 24.06.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXIII -та седница на Управниот одбор одржана на 15.07.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXIV -та седница на Управниот одбор одржана на 21.07.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXV -та седница на Управниот одбор одржана на 13.08.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXVI -та седница на Управниот одбор одржана на 07.09.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXVII -та седница на Управниот одбор одржана на 23.09.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXXVIII -та седница на Управниот одбор одржана на 28.09.2010 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки ги усвои записниците од LXXXI, LXXXII, LXXXIII, LXXXIV, LXXXV, LXXXVI, LXXXVII и LXXXVIII седница на Управниот одбор.*

***ТОЧКА 1** - Ликвидност на ФЗОМ*

*Директорката Парнарциева - Змејкова наведе дека ликвидноста во месец септември во однос на предвидувањата на Фондот е подобра, но во однос на ребалансот е континуирано 200 милиони во кусок. Наведе и дека трансферот од Министерството за финансии го добиваме во целост а од Министерството за здравство не го добиваме редовно.*
*Во однос на задолжувањето од минатата седница од Управата за јавни приходи да се побара аналитичко објаснување за причините за неостварувањето на проектираните приходи по основ на придонес за здравствено осигурување како и за нивната висина, извести дека Управата одговорила дека нема евиденција на вкупните придонесите што треба да бидат наплатени, туку само на пресметените, а неуплатени, ниту пак прави засега анализа на нивните трендови и осцилации. Со ова беше запознаена и Владата па Управата за јавни приходи доби задолжение да склучи со Фондот меморандум за соработка, односно за размена на податоци..*

*Борис Јосифовски потенцира дека Фондот треба да инсистира на тие податоци зашто Управата за јавни приходи е одговорна за контролата на плаќањето не само на даноците туку и на придонесите па за нив мора да води евиденција.*

*Страшо Наумоски потсети дека е потребно да се направи анализа на ефектот од антикризните мерки во здравството на ликвидноста на Фондот. Треба да знаеме кои мерки какви резултати дале а кои мерки воопшто не се спроведени. За тоа стана збор уште при намалувањето на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита. Да се задолжи Министерството за здравство да достави информација за ова.*

*Со тоа расправата по оваа точка на дневниот ред заврши а Управниот одбор ја прифати информацијата за ликвидноста на Фондот во месец септември.*

***ТОЧКА 2** - Одлука за утврдување на формата и содржината на договорот со специјалната болница за кардиохирургија Филип Втори*

*Директорката Парнарциева – Змејкова потсети дека во јуни по два месеци преговори со болницата Систина и дефинирањето на услуги од кардиохирургијата по ДСГ системот, Управниот одбор ја утврди формата и содржината на договорот за обезбедување на услуги од кардиохирургијата за*

*осигурените лица на Фондот. Договорот беше потпишан од Систина по што истиот договор беше понуден и на болницата Филип Втори. За договорот се водеа преговори и помеѓу Фондот и Филип Втори а во врска и со извршените измени во Законот за здравственото осигурување за плаќање по ДСГ системот.*

*Татјана Лукановска додаде дека во текот на преговорите беше укажано дека со новиот договор ќе се обезбедат нови средства за Филип Втори но новиот договор ќе обезбеди и пониски цени, односно поголем број операции (30 месечно) за осигурениците.*

*Потоа директорката Парнарциева – Змејкова наведе дека за целовреметраење на преговорите фактурите на Филип Втори беа екстремно високи па на крајот на преговорите не известија дека буџетот им е потрошен. Итните пациенти моментно се згрижени во Филип Втори согласно договорот а другите пациенти услугите ги добиваат во Систина, но секојдневно добиваме барања за лекување Филип Втори. Ваквите барања не можеме да ги уважиме по повисоки цени, па пациентите кои инсистираат таму да ја добијат потребната услуга ќе треба да го чекаат потпишувањето на договорот. Финалниот предлог на договорот со Филип Втори има незначителни разлики во однос на договорот со Систина. Јасно е дека Република Македонија и осигурениците во овој сегмент мора да почуствуваат позитивен ефект од укинувањето на монополот. Конкуренцијата е секогаш добра.*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека е важно да е уреден начинот на кој се утврдува итноста за една операција зашто во спротивно Фондот ќе биде под притисок да одобрува интервенции за кои не е извесен степенот на итност.*

*Директорот Јелникар пак наведе дека со појавата на втора кардиохирургија како Фонд сме во подобра позиција, а Татјана Лукановска дека со новиот договор Филип Втори ќе се обврзе на почитување на буџетот по квартали.*

*По ова, Ирфан Хоџа предложи да се утврди формата и содржината на договорот како што е подготвен од стручните служби на Фондот и да се понуди за потпишување на болницата Филип Втори.*

*Останатите членови на Управниот одбор го прифатија предлогот по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на договор што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица***

*ТОЧКА 3 - Предлог за донесување на одлука за буџетот на специјалната болница за кардиохирургија Филип Втори*

*Татјана Лукановска објасни дека се предлага утврдување на висината на надоместокот што ќе се исплати на Филип Втори за услуги што ќе се извршат во ноември и декември 2010 година. Се предлага за таа намена да се утврди надоместок од 66.037.264 денари кој ќе се исплаќа почнувајќи од февруари 2011 година. Износот е добиен со пресметки според ДСГ услугите. Очекуваме со тоа да се промени и структурата на услугите што ќе ги добиваме од Филип Втори, односно да добиваме повеќе кардио а помалку васкуларни услуги.*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова укажа дека одлуката за буџетот мора да биде поврзана со прифаќање на договорот од претходната точка на дневниот ред од страна на Филип Втори за добро на осигурениците.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со овој предлог, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок на Специјалната болница по хируршки болести „Филип Втори“ - Скопје за здравствени услуги што ќе се извршат во ноември и декември 2010 година***

*со која ја утврди висината на надоместокот, која ќе се исплати доколку Специјалната болница по хируршки болести „Филип Втори“- Скопје го прифати новиот договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги во областа на кардиохирургијата на осигурени лица.*

*ТОЧКА 4 - Правилници во врска со трезорското работење (Правилник за начинот на трезорското работење и контрола на трезорското работење, Правилник за начинот на отворање и водење на девизни сметки во рамките на здравствената главна книга на корисниците на средства од Буџетот за финансирање на дејноста на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување, Правилник за изготување и донесување на буџетот за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување)*

*Објаснување за предложените правилници даде Татјана Лукановска. Наведе дека трезорското работење е предвидено да започне на 1 јануари 2011 година за што се потребни технички, правни и персонални подготовки. Поради определени специфики, одлучено е јавните здравствени установи наместо во трезорот на Министерството за финансии да влезат во трезорот на Фондот.*

*Заради уредување на трезорското работење, изготвени се трите правилници што се предлагаат за усвојување на Управниот одбор. Наведе и дека генерално, во јавните здравствени установи финансиите лошо се планираат па со воведувањето на трезорско работење се надеваме дека ќе се придонесе за подобрување. Со трезорското работење се елиминираат и можностотите за манипулации со тајни сметки. Трезорското работење се воведе со измени во Законот за здравственото осигурување а во врска со него ќе следуваат измени и во неколку други закони. Донесувањето на овие правилници е обврска на Фондот според измените на Законот за здравственото осигурување.*

*Потоа, по прашањата на членовите на Управниот одбор подетално ги објасни одредбите на предложените правилници.*

*Ирфан Хоџа праша дали текстовите на правилниците се усогласени со Министерството за здравство а Татјана Лукановска одговори потврдно.*

*По ова, Управниот одбор едногласно ги донесе предложените правилници во врска со трезорското работење, и тоа*

***Правилник***
***за начинот на трезорското работење и контрола на трезорското работење***

***Правилник***
***за изготвување и донесување на буџетот за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување***

***Правилник***
***за начинот на отворање и водење на девизни сметки во рамките на здравствената главна книга на корисниците на средства од Буџетот за финансирање на дејноста на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување***

*ТОЧКА 5 - Технички проекции на буџетите на јавните здравствени установи за потребите на трезорското работење во 2011 година*

*Татјана Лукановска објасни дека за потребите на трезорското работење се изготвени технички проекции на буџетите на јавните здравствени установи за 2011 година. Тие се базирани на нивните буџети за оваа година, а единствена корекција е направена кај новата градска болница „8 Септември“.*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова дополни дека според законот јавните здравствени установи, до 15 октомври треба да добијат наша проекција а до 15 ноември нивните управни одбори треба да ги усвојат овие проекции. Меѓутоа, како проблем се јавува фактот што и буџетот на Фондот сеуште не е донесен. Поради тоа, во декември по усвојувањето на буџетот на Фондот може да се појави потреба од редистрибуција.*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека овие буџети не треба да се сметаат за конечни туку само како проекции во функција на трезорското работење.*
*Потоа Ирфан Хоџа предложи да се усвојат предложените проекции, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на буџетски проекции за јавните здравствени установи***
***за 2011 година***

*и*

***Заклучок:*** *Буџетските проекции се прифаќаат заради почеток на трезорското работење, а конечните буџети на јавните здравствени установи кои ќе важат во 2011 година ќе се утврдат со посебна одлука.*

*ТОЧКА 6 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Татјана Лукановска наведе дека со предложениот правилник се вршат две измени поврзани со здравствената услуга хемодијализа. Првата се однесува на надоместокот за превоз при добивањето на хемодијализата. Имено, доколку осигуреното лице правото на превоз не може да го оствари преку организираниот превоз од страна на здравствената установа во која се врши хемодијализата, и ако на подрачјето на градот или местото на живеење не постои организиран јавен превоз, осигуреното лице има право на надоместок на патни трошоци во висина од 10,00 денари по изминат километар. Во текот на примената на оваа одредба од правилникот се покажа дека износот од 10 денари по километар е превисок и неоправдан, поради што се предлага овој износ да се намали на 5 денари по изминат километар. Втората измена е заради овозможување хемодијализата да се врши и во домашни услови. Третирањето со дијализа на осигурените лица, по правило се врши во здравствени установи кои вршат специјалистичко - консултативните здравствени услуги, а услугите на здравствените установи се плаќаат според референтна цена утврдена од Управниот одбор на Фондот. Со членот 1 од овој предлог правилник се предлага, во рамките на специјалистичко - консултативните здравствени услуги, на осигурените лица кои се третираат со*

*дијализа и доколку располагаат со сопствена опрема за вршење на дијализа, да им се овозможи истата да ја вршат во домашни услови, според цена што ја утврдува Управниот одбор на Фондот. При тоа во цената на дијализата во домашни услови се предлага да се вклучат само материјалните трошоци (амортизација на опрема, медицински потрошен материјал и лекарства ) кои се неопходно потребни за вршење на дијализата. Осигурените лица кои се третираат со дијализа во здравствените установи се ослободени од учество (партиципација) во цената на дијализата, согласно Програмата за обезбедување на трошоците кои се третираат со дијализа бидејќи овие средства се обезбедуваат од буџетот на државата. Според тоа, утврдената цена на дијализата која се врши во домашни услови на осигуреникот ќе му се исплатува намалена за износот партиципацијата, а износот на партиципацијата осигуреното лице треба да го фактурира на министерството за здравство.*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова додаде дека хемодијализата во домашни услови е поволна и за осигурениците и за Фондот. Во моменов имаме само еден корисник на хемодијализа во домашни услови, но се надеваме дека во иднина ќе бидат повеќе.*

*По објаснувањата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување***

*со кој се усвоија предложените измени.*

*ТОЧКА 7 - Правилник за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова објасни дека со овој правилник се уредува начинот на издавањето, формата содржината и начинот на водењето на картичката за здравствено осигурување која е воведена со измените на Законот за здравственото осигурување. Наведе и дека првото издавање на картичката за секое осигурено лице ќе биде бесплатно а издавањето ќе започне кога ќе бидат исполнети техничките услови.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го усвои предложениот*

***Правилник***
***за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување***

*ТОЧКА 8 - Одлука за утврдување на предлог референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова потсети дека на почетокот на годината Фондот го дефинира начинот на утврдување на референтни цени на лекови со правилник. Потоа, според таа нова методологија беа утврдени референтни цени на лековите од примарната здравствена заштита. Овој пат се подготвени предлог референтни цени на лековите кои се користат во болничката здравствена заштита.*

*Кристина Христова дополни дека работата на предлог референтните цени беше макотрпна бидејќи се работи за околу петстотини лекови.*

*Потоа и директорот Јелникар пак укажа дека за жал во државата нема систем – правилник за утврдување на единствените цени. Фондот може ефикасно да ги уреди референтните цени на лековите само ако на ниво на државата има утврдени правила за единствените цени. Ова е домен на Министерството за здравство. Фондот референтните цени на лековите ги објавува во Службен весник а единствените цени се објавени само на интернет страницата на Бирото за лекови, но не по меѓународна методологија и затоа има големи разлики меѓу сените во Република Македонија и околината.*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова додаде дека Фондот со референтните цени на лековите направил многу, но ефектот ќе беше неспоредливо поголем ако во тоа одевме заедно со Министерството. Бирото за лекови има некаков нацрт правилник за единствените цени, но тоа е само нацрт. Во основа Фондот како купувач на услуги не го интересираат лековите кои ги купуваат болниците освен кога осигуреникот сам ги набавува па бара рефундација на средства од Фондот. Наведе и дека во Фондот предизвикало шок сознанието дека за триста лекови нема утврдена единствена цена од Бирото за лекови, иако согласно Законот за лекови тоа е невозможно.*

*Кристина Христова наведе дека има и лекови кои не се регистрирани а имаат утврдена единствена цена. Укажа и дека Фондот не може постојано да следи што се менува на интернет страницата на Бирото. Во врска со предлог референтните цени, објасни дека согласно правилникот за утврдување на референтни цени на лекови, на предлог референтните цени носителите на*

*решението за ставање на лекот во промет може да дадат забелешки во рок од 15 дена. По обработените забелешки повторно ќе бидат дадени на Управниот одбор за усвојување.*

*Со тоа заврши расправата по осмата точка на дневниот ред, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на предлог референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*и*

***Заклучок**: До Бирото за лекови и Министерството за здравство да се испрати допис за непостоењето на единствени цени за 300 лекови.*

*ТОЧКА 9 - Предлог за утврдување на референтни цени за услуги од болничката здравствена заштита за акутни случаи (за услуга од областа на офталмологијата и за хемодијализа во домашни услови)*

*Објаснување по оваа точка даде директорката Парнарциева – Змејкова. Објасни дека се предлага измена на цените за процедури на леќата, ДСГ код C16A, и процедури на леќата истиот ден, ДСГ код C16 B. Како резултат на бројните средби иницирани од страна на Фондот реализирани со офталмолозите од Универзитетска клиниката за очни болести и Градската општа болница „8 Септември", комисијата за утврдување на референтни цени за услуги во болничка здравствена заштита за акутни случаи, предложи корекција на референтните цени кои се однесуваат на горенаведените хируршки процедури за катаракта. Со цел усвојување на единствен став од офаталмолошката фела, Фондот побара од Здружението на офталмолози да достави протоколи и да се постави стандард за вградениот материјал што го опфаќа оваа хируршка интервенција. Меѓутоа, до сега побараната информација не е доставена, па заради итната потреба од корекција на референтните цени за ДСГ услугите C16A и C16B предизвикана од големиот број на рефундации остварени по барање на здравствените осигуреници, Фондот смета дека има потреба од зголемување на референтната цена на ДСГ услугите што воедно го содржат и вградениот материјал. Првично утврдените референтни цени за овој вид на здравствена услуга не ја опфаќаа цената на вградениот материјал (интраокуларната леќа) бидејќи здравствени установи не доставуваа податоци за истиот. Предложените измени пак се базираат на анализата на трошоците (здравствени услуги и вграден материјал) направени од страна на стручните служби на Фондот како и доставената евиденција за чинење на овој вид на услуга од Универзитетската клиниката за очни болести*

*и Градската општа болница „8 Септември“. Покрај класичната процедура за третман на катарактата, овој ДСГ код ја опфаќа и новата процедура – ФАКО Емулзификација која е поволна за здравствените осигуреници но и за Фондот. Со оваа метода се овозможува пократок престој во болница (пациентот си заминува истиот ден), нема потреба од носење на очила за далеку, се намалува бројот на боледувања, се намалува бројот на пациенти кои се третираат во странство итн. Со овие измени, истовремено ќе се постигне искоренување на праксата осигурените лица сами да си ја набавуваат леќата и потребата од рефундација на средствата. Покрај измената на цените за процедурите на леќата, се предлага и утврдување на референтна цена за ацетатна дијализа во домашни услови. Ова заради утврдување на референтна цена на услугата што беше воведена со измената на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурувањ од точка 6 на дневниот ред. Цената на дијализа во домашни услови, која треба да му се надомести на осигуреното лице за направените материјални трошоци се предлага да изнесува 2.400 денари.*

*Управниот одбор го прифати објаснувањето, по што едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување***
***на Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги***
***во болничката здравствена заштита за акутни случаи***
*и*
***Одлука***
***за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтна***
***цена за хемодијализен третман кај хронична бубрежна инсуфициенција***

*со кои одлуки се извршија предложените измени.*

***ТОЧКА 10*** *- Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*По објаснувањето на директорката Парнарциева – Змејкова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година***
***на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се извршија измени кај четири позиции на Планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот.*

*ТОЧКА 11 - Предлог за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствена установа за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната стоматолошка здравствена заштита*

*Директорката Парнарциева – Змејкова објасни дека предлогот се работи за вклучување на нова здравствена установа од областа на ортодонцијата.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за второт, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

*со која се утврди висината на вкупниот договорен надоместок на здравствената установа Г.С. Ортодонција Тетово за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната стоматолошка здравствена заштита.*

*По донесувањето на оваа одлука, Управниот одбор заврши со работата на LXXXIX -та седница, а преостанатите точки на дневниот ред одлучи да се разгледуваат на следната седница.*

| | |
|---|---|
| ***Записничар,*** | ***Управен одбор*** |
| ***Христо Трповски*** | ***Заменик на претседателот,*** |
| | ***Ирфан Хоџа*** |